**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 0903-12/1**
**Скопје, 09.01.2009 година**

**УНИВЕРЗИТЕТ “СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ„ - БИТОЛА**

**ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ- БИТОЛА**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Универзитет „Св Климент Охридски„- Битола, Технички факултет Сметка за средства од буџетот на РМ, за 2007 година, кои се прикажани на страните 4, 5 и 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија , ниту сме издале каков било извештај за финансиските извештаи на Универзитет „Св.Климент Охридски„- Битола, Технички факултет - Сметка за средства од буџетот на РМ, за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

   – проф. д-р Весна Микаровска, декан

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 06.10-21.11.2008 година, од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и

- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### 10.1. Неправилности во искажување на билансните позиции

10.1.1. Ревизијата не доби доволно ревизорски докази за да се увери во целосноста и точноста на постојаните средства искажани во Билансот на состојба во износ од 166.934 илјади денари поради следното:

- недоставената внатрешна евиденција на недвижни ствари до Државниот завод за геодетски работи која содржи податоци за недвижните ствари со кои располага органот, основот за стекнување на правото на сопственост, облигациони и стварни права за недвижната ствар (закуп, користење) и сметководствената вредност на истите, спротивно на Законот за располагање и користење на ствари со кои располагаат органите на државнта управа, ја оневозможи ревизијата да потврди дека градежните објекти што ги користи Факултетот се евидентирани во сметководствената евиденција;
- неизвршенето усогласување на вредноста на постојаните средства во финансиското сметководсто со аналитичката материјална евиденција;
- во материјалната евиденција на основните средства вклучени се и потрошни материјали и ситен инвентар (кертриџи, хартија, корпи за отпадоци, продолжни кабли и слично );
- нереално утврдена набавна вредност на одделни основни средства набавени во годините пред воведувањето на материјалната евиденција со слободна проценка од неовластено лице, а не врз основа на соодветна сметководствена документација.
- основните средства не се обележани со инвентарни броеви, не е подготвен извештај за извршениот попис од страна на пописната комисија, спротивно на Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

Непреземените активности за усогласување на фактичката состојбата на постојаните средства со состојбата во сметководствената евиденција како и несоодветното нивно разграничување и евидентирање во

материјалната евиденција има за последица нереално прикажување во Билансот на состојбата.

**Препорака**

1 Одговорните лица на Техничкиот факултет-Битола да ја достават внатрешната евиденција на недвижни ствари до Државниот завод за геодетски работи на усогласување, а одговорниот сметководител да изврши разграничување на материјалите и ситниот инвентар од основните средства во аналитичката материјална евиденција и истата да ја усогласи со финансиското сметководство.

11. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точката 10.1.1. ние не изразуваме мислење за вистинитоста и објективноста на Билансот на состојба на Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, Технички факултет Битола- Сметка за средства од буџетот на РМ на ден 31.Декември.2007 година. Резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум е во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, кај Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, Технички факултет Битола - Сметка за средства од буџетот на РМ, е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година.

Скопје, 05.01.2009 година **Овластен државен ревизор**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 36,299 | 36,500 |
| **Вкупно приходи** | **36,299** | **36,500** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 33,588 | 32,741 |
| Стоки и услуги | 2,460 | 2,352 |
| Субвенции и трансфери | 194 | 116 |
| **Вкупно тековни расходи** | **36,242** | **35,209** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 57 | 1,291 |
| **Вкупно капитални расходи** | **57** | **1,291** |
| **Отплата на главнина** | **0** | **0** |
| **Вкупно расходи** | **36,299** | **36,500** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 0 | (41) |
| **Вкупно тековни средства** | **0** | **(41)** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 166,934 | 172,304 |
| **Вкупно постојани средства** | **166,934** | **172,304** |
| **Вкупна актива** | **166,934** | **172,263** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 0 | (41) |
| **Вкупно тековни обврски** | **0** | **(41)** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 166,934 | 172,304 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **166,934** | **172,304** |
| **Вкупна пасива** | **166,934** | **172,263** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2007 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2007 година** | **91,215** | **81,089** | **172,304** |
| **Зголемување по основ на:** | **57** | **-** | **57** |
| Набавки | 57 | - | **57** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | **-** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **5,427** | **-** | **5,427** |
| Отпис на капитални средства | | | **-** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | **-** |
| Амортизација | 5,427 | | **5,427** |
| **Состојба 31.12.2007 година** | **85,845** | **81,089** | **166,934** |